РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe Burimeve Minerale

Бр.Nr 23-356/13
03-06-2026 20 год.viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство трговија транспорт и услуги СЕЛЕКТА ДООЕЛ
Бр. 2-02/2026
03-06-2026 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 40 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24, 241/24, 258/25 и 96/26), член 17 став (1) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 99/22, 129/23, 253/23, 147/24, 49/25 и 96/26) и Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги СЕЛЕКТА ДООЕЛ Кавадарци на локалитетот „Брестот“ општина Неготино бр.57-2240/13 од 24 март 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/26)

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини**
**Сања Божиновска**
**(во натамошниот текст: Концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги СЕЛЕКТА ДООЕЛ Кавадарци**
**со адреса: Плоштад Маршал Тито бр.17-1/5 Кавадарци**
**Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето: Горан Митев**
**(во натамошниот текст: Концесионер)**

**на ден _________ 2026 година во Скопје, склучија:**

**ДОГОВОР**
**за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“ општина Неготино**

**Член 1**
**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

**Година** е период од календарска година која започнува на 1 јануари и завршува на 31 декември

| | |
|---|---|
| **Гаранција за извршување на деталните геолошки истражувања** | е банкарска гаранција издадена од прифатлива банка која Концесионерот е должен да му ја достави на Концедентот и која Концедентот има право да ја активира во случај кога Концесионерот нема да ги изврши деталните геолошки истражувања во согласност со понудата, овој Договор и применливото право на Република Северна Македонија |
| **Договор за Концесија** | еДоговор склучен помеѓу Концедентот и Концесионерот заедно со сите прилози, тендерската документација и понудата на Концесионерот кои претставуваат составен дел на овој Договор |
| **Дозволи и одобренија** | се одобрувања, согласности, полномошна, одобренија, или слична документација која може да се бара од Концесионерот, а која ја издава државен орган или друг надлежен орган согласно применливото право на Република Северна Македонија |
| **Државен орган** | е орган на државната управа како дел од извршната власт во форма на министерства, други органи на државната управа и управни организации |
| **Документи на Концесионерот** | е комплетната понудена документација, сите мислења, согласности, дозволи и сета друга документација за предметот на Концесијата |
| **Денар** | е основно законско платежно средство на Република Северна Македонија |
| **Датум на раскинување** | е датумот кога се раскинал овој Договор и престанал да важи |
| **Известување за раскинување** | е писмено известување од договорната страна со кое се известува другата договорна страна за раскинување на овој Договор согласно одредбите на овој Договор и применливото право на Република Северна Македонија |
| **Концесија** | е акт со кој се доделува на користење простор за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина како добро од општ интерес на Република Северна Македонија |
| **Надоместок за концесија** | е надоместокот кој се плаќа односно е платен од страна на Концесионерот за доделената Концесија за детални геолошки истражувања и истиот се плаќа пред склучувањето на Договорот за концесија на соодветна уплатна сметка во Буџетот на Република Северна Македонија |
| **Концедент** | е Република Северна Македонија претставувана преку Владата на Република Северна Македонија |

| | |
|---|---|
| **Концесионер** | е избраниот понудувач со кој што Концедентот го потпишува овој Договор |
| **Локација** | е просторот на кој ќе се вршат деталните геолошки истражувања |
| **Применливо право на Република Северна Македонија** | се Уставот, законите и меѓународните договори што се во сила во Република Северна Македонија |
| **Погодена страна** | е страна која е спречена да ги изврши своите обврски согласно Договорот како последица на случај на Виша Сила |
| **Период на Концесија** | е периодот за кој се доделува Концесијата за детални геолошки истражувања |
| **Понуда на Концесионерот** | е целосната документацијата поднесена од страна на понудувачот во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања објавен на 10.12.2025 година |
| **Спор** | е секое несогласување на договорните страни околу спроведувањето на овој Договор |
| **Случај на неизвршување на обврските** | е секое неизвршување на обврските кои произлегуваат од овој Договор од страна на договорните страни, и кои претставуваат причини за раскинување на Договорот |
| **Страни на овој Договор** | се Концедентот и Концесионерот потписници на овој Договор |

**Член 2**
**Предмет на Договорот**

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на Концедентот и Концесионерот кои произлегуваат од доделувањето на концесијата за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“ општина Неготино, како и други права и обврски за Концедентот и Концесионерот кои произлегуваат од овој Договор.

**Член 3**

**Предмет на концесијата**

Предмет на Концесијата е доделување на простор за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“ општина Неготино, како добра од општ интерес на Република Северна Македонија.

Површината на просторот на кој ќе се вршат деталните геолошки истражувања на минералната суровина, изнесува P = 0.033125 km².

Границите на просторот од став 2 од овој член се ограничени со точки, дефинирани со координати. Точките на координатите меѓусебно се поврзани со прави линии како што се дадени на топографската карта, приклучена кон овој договор во размер 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| 1 | 7591469 | 4600197 |
| 2 | 7591561 | 4600160 |
| 3 | 7591754 | 4600069 |
| 4 | 7591852 | 4600003 |
| 5 | 7591943 | 4599922 |
| 6 | 7591932 | 4599899 |
| 7 | 7591452 | 4600140 |

**Член 4**
**Период за кој се доделува Концесијата**

Концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“ општина Неготино, се доделува за период од две години.

**Член 5**
**Надоместок за Концесија**

Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина од 220.000,00 (двеста и дваесет илјади) денари (МКД), е платен пред склучувањето на овој Договор за концесија, согласно објавениот Јавен повик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 247/25).

Во случај на раскинување на овој договор за концесија, Концедентот со ништо не е обврзан на Концесионерот да му го врати надоместокот за доделената концесија.

**Член 6**
**Вкупна проценка на вредноста на деталните геолошки истражувања**

Вкупната проценка на вредноста на деталните геолошки истражувања изнесува 917.000,00 денари (без ДДВ).

**Член 7**
**Имотно-правни односи**

Концесионерот е должен да обезбеди писмена согласност за земјиштето од сопствениците на правни или физички лица за делот на земјиштето каде што ќе се спроведуват активностите на деталните геолошки истражувања.

За земјиштето кое е во сопственост на Република Северна Македонија без утврдено право на користење, закуп или плодоуживање, Концесионерот не е должен да обезбеди писмена согласност заради спроведување на активностите на деталните геолошки истражувања, освен доколку не постојат други ограничувања во однос на истото.

Концесионерот е должен да изврши обештетување на дотогашниот закупец, Концесионер или плодоуживател на земјоделското земјиште или пасиште, како и на правното и физичкото лице сопственик на земјиштето.

**Член 8**
**Сообраќајна инфраструктура**

Концесионерот е должен сам да ги обезбеди пристапните патишта до земјиштето на кое ќе се вршат деталните геолошки истражувања на минералните суровини на просторот од член 3 од овој договор.

Концесионерот се обврзува дека ќе ги поднесе сите трошоци потребни за работите кои се однесуваат на реконструкција како и тековно и инвестиционо одржување на тие патишта за времетраењето на деталните геолошки истражувања.

Заради реализација на обврските утврдени во став 2 од овој член, Концесионерот се обврзува да склучи соодветни договори со трети лица.

**Член 9**
**Обезбеден пристап за посебни потреби**

Концесионерот е должен по барање на Концедентот да обезбеди пристап до локацијата односно просторот каде што се вршат деталните геолошки истражувања заради поставување на телефонски линии, електрични водови или некои други потреби од јавен карактер на Концедентот или на трети лица. При тоа Концедентот се обврзува дека таквиот пристап нема да предизвика целосно нарушување на вршењето на деталните геолошки истражувања.

Работите од став 1 на овој член доколку се превземаат по барање и заради потребите на Концесионерот, истите ќе бидат на негов трошок.

**Член 10**
**Обврски за заштита на животната средина и надомест на штета**

Концесионерот е должен за времетраењето на периодот за кој е доделена концесијата да превзема мерки за заштита на животната средина, природата и животот и здравјето на населението, согласно мерките и решенијата дефинирани во проектот за

вршење на детални геолошки истражувања, како и за имотите на другите лица во согласност со применливото право на Република Северна Македонија.

Концесионерот се обврзува во целост да ги надомести штетите предизвикани врз животната средина на начин и под услови утврдени со Законот за животна средина и прописите донесени врз основа на истиот.

Концесионерот за време на деталните геолошки истражувања како и по нивното завршување се обврзува да изведе санација на просторот, во согласност со проектот за вршење на детални геолошки истражувања. Доколку Концесионерот не ги спроведе овие дејствија, Концедентот ќе ја изведе санацијата на просторот на товар на Концесионерот кој врши детални геолошки истражувања.

По завршување на деталните геолошки истражувања, Концесионерот не смее да врши складирање на штетни, опасни, радиоактивни и отпадни материјали на просторот на кој е доделена концесијата.

**Член 11**

**Заштита и безбедност при вршење на деталните геолошки истражувања**

Концесионерот или изведувачот при вршењето на детални геолошки истражувања заради заштита на животот и здравјето на работниците е должен да ја организира и уреди заштитата при работа соодветно на специфичните услови и опасности односно навремено да ги спроведува мерките за заштита при работа на начин и под услови утврдени со применливото право на Република Северна Македонија.

Концесионерот или изведувачот при вршењето на детални геолошки истражувања каде што постои опасност од пожар, експлозија, појава на отровни гасови или пак можности од навлегување на гасови, вода и тиња, мора да организира служба за спасување и служба за против пожарна заштита во согласност со применливото право на Република Северна Македонија.

**Член 12**

**Рок за отпочнување и начин на вршење на деталните геолошки истражувања**

Концесионерот во рок од 15 дена пред започнувањето на деталните геолошки истражувања до Концедентот односно до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, а најкасно во рок од една година сметано од денот на склучување на Договорот за концесија се обврзува да достави ревидиран Проект за детални геолошки истражувања.

Деталните геолошки истражувања мора да се вршат во согласност со Проектот за вршење на детални геолошки истражувања, стандардите и техничките нормативи со кои е регулирано изведувањето на деталните геолошки истражувања.

Концесионерот е должен во секое време на терен каде што се вршат деталните геолошки истражувања да има проект за вршење на детални геолошки истражувања, книга во која се водат извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања, елаборат за уредување на објектите со мерки за заштита при работа и решение за назначување на одговорно лице кое поседува лиценца за изведување на работите при вршење на детални геолошки истражувања.

При вршењето на детални геолошки истражувања, Концесионерот се обврзува:

- геолошките истражувања треба да се вршат надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци;
- при вршење на геолошките истражувања и други активности на ископување на земјиштето, се наиде на подземни води (извори на води, истечни и непроточни води)

концесионерот е должен веднаш да изврши заштита на подземната вода, најдоцна во рок од 24 часа од пронаоѓањето и за тоа да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;

- со геолошките истражувања не смее да се предизвика било какво оштетување или нарушување на функционалноста на водостопанските објекти ако се наоѓаат на самиот локалитет или во негова близина;
- заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки се забранувасе забранува да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножницата на одбрамбени насипи;
- да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
- да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води на објектите за комерцијална и деловна намена;
- при вршење на геолошките истражувања не смее да се предизвикаат негативни влијанија врз површинските и подземните води на наоѓалиштето или во негова околина, ниту пак со пристапните патишта кои се наменети за функцијата на ова наоѓалиште. Доколку дојде до евентуално нарушување на режимот на водите концесионерот е должен најитно да превземе мерки за отстранување на таквата состојба.
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на водите согласно важечките законски прописи издава дозволи за користење на вода како и дозволи за испуштање на отпадни води.
- локацијата на предметниот опфат е во рамки на предвидената акумулација Криволак согласно Водостопанската основа од Просторниот план на Република македнија 2002 – 2020 и треба да се почитуваат критериумите кои се однесуваат на уредување и одржување на површинските води, како и заштита на водостопанските објекти, за каналите за наводнување, каде заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езера и акумулации се забрануваат активности кои негативно ќе влијаат на режимот на водите. Концесионерот е должен активностите да ги врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот и квлитетот на водите.
- концесионерот е должен пред започнување на теренските активности со деталните геолошки и
- стражувања да го извести ЈП "Национални шуми - Скопје", со цел за регулирање на обврската за плаќање на надоместок за копачење на шума и шумско земјиште доколку на површината која е предмет на детални геолошки истражувања има шума;
- доколку во процесот на истражувањата бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Северна Македонија, Концесионерот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, согласно важечките законски прописи;
- при деталните геолошки истражни работи, согласно важечките законски прописи, потребно е превземање мерки, потребни за спречување на недозволени дејствија на патот (коловозот), трупот на патот, патниот и заштитниот појас. Широчината на заштитниот појас на автопатот во кој не може да се градат објекти или изведуваат градежни работи кои не се во функција на патот изнесува 40 метри, на магистралните

и регионалните патишта изнесува 20 метри, а на општинските патишта изнесува 10 метри.

- Во близина на локалитетот поминуват државните патни правци А1 (делница: Велес – Неготино), Р1103 (Р-107, делница: Лакавица – Неготино) и Р1102 (Р-103, делница: Велес – Неготино) за кои не е предвидено проширување или измена на сегашната траса. Ова се однесува само за сегашната состојба на патните правци, и доколку во иднина концесионото поле дојде во колизија со постоечката патна мрежа или со планираната патна мрежа, целата одговорност и финансиски надоместок ќе биде на товар на концесионерот.
- Во текот на вршење на деталните геолошки истражни работи, концесионерот да не го зафаќа: патот (коловозот), како и патниот појас со било каков градежен материјал и механизација. Во конкретниот случај локалитетот се наоѓа покрај државните патни правци А1, Р1103 и Р1102 и приклучувањето на локалитетот да биде исклучиво само од постојниот приклучок кон државниот пат. Сите трошоци за санирање при евентуално појавените деформации на патот (коловозот) и патниот појас од оваа работа ќе паднат на товар на имателот на концесионото поле, како и сите штети на имоти и лица се одговорност на концесионерот.

**Член 13**
**Обврска за доставување на извештаи**

При вршењето на деталните геолошки истражувања Концесионерот е должен до Концедентот најмалку еднаш годишно, да доставува Извештај за извршените детални геолошки истражувања согласно динамиката утврдена во проектот за вршење на детални геолошки истражувања.

**Член 14**
**Сопственост на резултати**

Концесионерот е должен во рок од 120 дена по истекот на концесијата или по завршување на деталните геолошки истражувања до Концедентот да достави Елаборат од извршените детални геолошки истражувања.

Резултатите добиени со вршење на деталните геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија) се сопственост на Концесионерот и истиот во рок од 120 дена сметано од денот на истекот на периодот за кој е доделена концесијата може да ги пренесе во сопственост на друго лице на начин и под услови утврдени со применливото право на Република Северна Македонија.

Концесионерот е должен за извршениот пренос да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена од денот на склучување на договор за пренос.

Само еднаш и само на еден субјект може да се изврши пренесување на резултатите од извршените детали геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стучна оцена (ревизија).

Доколку Концесионерот или имателот на резултатите во период од 120 дена од денот на истекот на концесијата или од денот на доставување на елаборатот од извршените детални геолошки истражувања заедно со стручна оцена (ревизија) во случај на предвремено завршување со вршење на деталните геолошки истражувања, не поднесе барање за доделување на концесија за експлоатација резултатите добиени со вршење на

детални геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија), преминуваат во сопственост на Република Северна Македонија.

**Член 15**

**Гаранција за извршување на деталните геолошки истражувања**

Концесионерот е должен не подоцна од 15 дена од денот на склучување на овој Договор, на Концедентот да му достави банкарска гаранција за извршување на деталните геолошки истражувања, неотповиклива, наплатлива на прво барање, во висина од 137.550,00 денари (МКД), која ќе биде валидна во текот на периодот во кој се вршат деталните геолошки истражувања, но најмалку 30 дена од денот после доставувањето на Елаборатот за извршените детални геолошки истражувања заедно со стручната оцена (ревизија).

Во случај кога Концесионерот нема да ја изврши обврската утврдена во став 1 на овој член, Концедентот ќе го раскине овој договор и ќе ја активира Тендерската гаранција која е депонирана како дел од понудата на Концесионерот.

Ако од било кои причини периодот за извршување на деталните геолошки истражувања биде оправдано продолжен и одобрен од Концедентот, Концесионерот ќе ја продолжи важноста на Гаранцијата за тој период.

Гаранцијата за извршување на деталните геолошки истражувања ќе му биде вратена на Концесионерот во рок од 30 дена од денот после доставувањето на елаборатот за извршените детални геолошки истражувања заедно со стручната оцена (ревизија).

Гаранцијата за извршување на деталните геолошки истражувања ќе му биде активирана на Концесионерот во рок од 120 дена од денот на истекот на концесијата доколку до Концедентот не достави елаборат за извршените детални геолошки истражувања заедно со стручна оцена (ревизија).

**Член 16**

**Случај на Виша Сила**

Случај на Виша Сила се сите настани кои ќе настанат по датумот на склучување на овој договор, кои се надвор од контролата на договорните страни и кои директно влијаат или ја спречуваат договорната страна навреме да ги изврши обврските кои произлегуваат од овој договор.

**Член 17**

**Одговорност на Концесионерот за обврските од концесискиот договор и договорите со трети лица**

Концесионерот е должен да ги исполнува обврските од овој Договор и е одговорен за сите штети што им ги предизвикал на Концедентот и на трети лица во врска со извршувањето на Концесијата.

**Член 18**

**Престанок на Концесијата**

Концесијата за вршење на детални геолошки истражувања престанува да важи:

- со истекот на рокот за периодот за кој била доделена,

- кога Концесионерот нема да поднесе барање за доделување на концесија за експлоатација во рок утврден во рок од 120 дена по истекот на концесијата,
- при предвремено завршување со вршење на деталните геолошки истражувања,
- при стечај или ликвидација на концесионерот и
- при едностран раскин на Договорот за концесија.

Во случаите од став 1 од овој член, престануват да важат сите дозволи, решенија и одобренија непосредно врзани со концесијата.

Во случаите од став 1 од овој член, Концедентот донесува одлука за престанок на важење на концесијата за детални геолошки истражувања.

Против Одлуката од ставот 3 на овој член Концесионерот има право да заведе управен спор согласно применливото право на Република Северна Македонија.

**Член 19**
**Еднострано раскинување на Договорот**

Концедентот може еднострано да го раскине Договорот за концесија доколку при вршењето на деталните геолошки истражувања Концесионерот:

- не достави согласност за земјиштето на начин и под услови утврдени согласно закон,
- не започне со вршење на деталните геолошки истражувања во рок од една година, сметано од денот на склучувањето на Договорот за концесија,
- прекине со вршење на деталното геолошко истражување подолго од една година,
- не постапува по решение на државниот инспектор за енергетика рударство и минерална суровина,
- започне со вршење на детални геолошки истражувања пред да достави проект за детални геолошки истражувања,
- со истражните работи вади поголеми количини на минерална суровина од предвидените со проектот за вршење на детални геолошки истражувања,
- не постапи по изречените мерки во постапката на надзор и
- нема да го плати надоместокот за концесија.

Во случаите од став 1 од овој член, Концедентот донесува одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за детални геолошки истражувања, во која се наведуваат причините заради кои се раскинува овој Договор.

Против Одлуката од ставот 2 на овој член Концесионерот има право да заведе управен спор согласно применливото право на Република Северна Македонија.

**Член 20**
**Обврски на Концесионерот во случај на престанок или еднострано раскинување на Договорот за концесија**

Во случај на престанок или еднострано раскинување на Договорот за концесија, Концесионерот е должен целокупната Техничка документација во врска со концесијата да ги достави до Концедентот, во рок од 15 дена по денот на приемот на известувањето.

**Член 21**
**Надзор над концесијата**

Концедентот врши постојан и редовен надзор на начинот и вршењето на концесиската дејност и почитувањето на обврските од овој Договор од страна на Концесионерот согласно со применливото право на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со овој Договор.

Концедентот има право да овласти надлежен орган или друга независна институција да врши постојан надзор во извршувањето на обврските на Концесионерот во текот на траењето на концесијата на сопствен трошок.

**Член 22**
**Решавање на спорови**

Во случај на спор, страните и нивните овластени претставници ќе се обидат спорот да го решат спогодбено, односно со постапка за медијација.

Доколку спорот не е решен со преговори во рок од 60 дена, било која од страните може да достави известување за намерата за започнување на судска постапка.

**Член 23**
**Измени на Договорот**

Овој Договор може да биде изменет само со Анекс кон овој договор во писмена форма одобрен од двете страни.

**Член 24**
**Целост на Договорот**

Составен дел на овој договор е Топографската карта, Тендерската документација и Понудата на Концесионерот бр. 00000133 на 20.01.2026 година, дадени во прилог на овој договор.

**Член 25**
**Надлежно право**

Овој договор е уреден и во целост подлежи на применливото право на Република Македонија.

За се што не е регулирано со овој договор важат позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 26**
**Понатамошно уверување**

Секоја страна се согласува да ги изврши сите дејствија кои се неопходни за извршувањето на овој договор.

**Член 27**
**Број на оригинални примероци**

Овој договор е склучен во 6 (шест) еднообразни примероци, по три за секоја страна.

**Член 28**
**Потпишување на договор**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од договорните страни.

**За Концедентот**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО**
**И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**
**Сања Божиновска**

**За Концесионер**
**Друштвото за производство,трговија,**
**транспорт и услуги СЕЛЕКТА ДООЕЛ**
**Кавадарци**

**Горан Митев**

Изработил: Bujar Zeneli
Контролирал: м-р Кика Шпритова
м-р Љупче Ефнушев
Согласен: Florent Çiçe
Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** Брестот - Неготино

**Минерална суровина:** Песок и Чакал

**Површина = 0.033125 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7591469 | 4600197 |
| 2 | 7591561 | 4600160 |
| 3 | 7591754 | 4600069 |
| 4 | 7591852 | 4600003 |
| 5 | 7591943 | 4599922 |
| 6 | 7591932 | 4599899 |
| 7 | 7591452 | 4600140 |